











19.09.2010, 17:03

# РЕГИОНОТ Е СО РАЗЛИЧЕН КУЛТУРЕН РАЗВОЈ



**На конференција викендов во Скопје беше дискутирано за тековната културна политика во неколку земји**

**Катерина Богоева**

Поаѓајќи од досега стекнатите сознанија дека најголем дел од градовите на Балканот и во Источна Европа недоволно се оспособени за систематски јасни културни и градски развојни политики, граѓанските организации:Центар за изведувачки уметности „Мултимедија“ од Скопје и Театар „ОДА“ од Приштина, викендов во Скопје во рамките на својот трогодишен проект, „Култура од/за сите“ ја одржа регионалната конференција „Ре –осмислување на локалната културна политика: нов идентитет и нова парадигма“, со учество на експерти, претставници на државните и локалните власти и уметници од Македонија, Србија, Хрватска, Црна Гора и Босна и Херцеговина. Собирот, еден од ретките на кој се дискутираа обидите на градовите да ги дефинираат своите нови културни идентитети, да ја реосмислат својата културна политика, поврзана со државните и воопшто светските процеси, очекувано покажа дека процесот е на различен степен на развој во целиот регион.

Професорката Милена Драгичевиќ Шешиќ од Универзитетот на уметности во Белград, укажа на потребата од вложување во инфраструктурата во објектите од областа на културата во градовите во Србија, каде оваа област е запоставена во изминатите 15 години. „Повеќето од градовите се банкротирани, многу малку од нив се градови со визија, најголем дел се со политика на 'статус кво', рече, а од градовите со визија ги издвои Белград и Зрењанин, а Ниш го нарече град во процес на барање на сопствен идентитет. „За зал, повеќето градови, потенцираше таа, својата идентификација ја бараат во минатото, само неколку се со можно граѓанско општество. Укажа и на присутната политика во земјите во регионот, да се стопираат проекти од областа на културата со менувањето на владеачките гарнитури. Професорот на Универзитетот на политички науки во Загреб,

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- ОД НЕДЕЛА НОВ ВЛАЖЕН БРАН
- ПРОМОЦИЈА НА НОВИОТ ОБЈЕКТ НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА В НЕДЕЛА СО ЕКСКЛУЗИВЕН КОНЦЕРТ
- ТРАНСМЕТ" НА СЕАД КОЧАН ДОБИ УШТЕ ТЕНДЕР ОД ЕЛЕМ
- СМЕТКОВОДИТЕЛИТЕ СО ТАРИФНИК ЗА МИНИМАЛЕН НАДОМЕСТ ЗА УСЛУГИТЕ
- РИСТОВСКИ: УНИКУВАЊЕТО НА ЕКСТЕРНОТО НЕ Е РЕФОРМА, ТУКУ АНТИРЕФОРМА

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

15° СКОПЈЕ ВРЕМЕ
Делумно облачно

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието

Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ

Сањин Драгоевиќ, информирање дека 50 -60 проценти од културната индустрија во Хрватска, каде туризмот се смета за една од главните културни индустрии, е концентриран во Загреб, Сплит, Риека, Осјек. „Заради туризмот и развојот на градовите се променија многу од културните навики. Развивањето на стратегијата за јавна видливост е најважната стратегија во културниот развој на Загреб - рече тој посочувајќи на актуелната граѓанска борба за културниот идентитет на градот, преку случајот со простестите за улицата „Варсавска". Укажа и на големата улога што ја играат граѓанските органзации во развојот на културата, на фактот дека денес во конципирањето на културната политика мора да се внимава на актуелните навики на граѓаните за шопинг и посета на пријатели, на фактот дека во Хрватска има се повеќе активисти во конципирањето на локалните културни политики. Укажа на потребата и од поголема образованост и професионализам кај актерите во конципирањето на културните политики. „Во Хрватска, информираше, тој секој град со над 30 000 жители, мора да има Совет за култура, но и дека покрај тоа постои потреба од нови иницијативи од непрофитабилниот сектор и од уметноста. Аида Календер, директорка на НВО „Акција" од Сараево преку хронологијата на тоа што и се случи на Босна и Херцеговина со поделбата на политички план, по распадот на Југославија, ја отслика тешкотијата и сложеноста за спроведување на континуирана културна политика во градовите. „Имаме 13 Министерства за култура со различни гледања за културата, главно врзани за заштита на културното наследство, гледишта кои се главно апстрактни без конкретни акции. Постојат 7 државни институции, кои не се континуирано финансирани од министерствата, јавното финансирање во културата не е транспарентно, а зборот идентитет, е еден од најпрофитабилните зборови во Босна во изминатиот период."

Состојбата со културната политика на Црна Гора ја презентираше Јанко Љумовиќ од Подгорица, преку презентација на проекти кои покажуваат чекори во дефинирањето на културниот идентитет на неколку тамошни градови, информирајќи дека ова држава минатата година добила закон за култура. Амбиентот во Косово со компарација што на просторот на денешната, нова држава на полето на културата, се обиде да го долови директорот на „ОДА", Флорент Мехмети, укажувајќи дека очекува од новиот министер за култура да направи исчекор во позначајни промени во градовите, од кои неколку почнуваат да се развиваат поради својата посебност.

Конференцијата ја отвори министерката за култура Елизабета Канческа – Милевска која посочи дека минатата година во земјава се санирани 22 центри и домови за култура и се уредени музејските поставки. Нејзиното учество, директорката на „Мултимедија", Виолета Симјановска го сметаше за своевиден, позитивен исчекор во меѓусебната комуникација, која досега не одела така брзо. Симјановска ја критикуваше годишната програма на Министерството за култура, поради недоволната транспарентност при објавувањето на резултатите за финансирање, а државата, меѓу другото ја нарече „главен архитет во менувањето на идентитетот на Скопје и Охрид", при својата презентација на актуелностите поврзани со културната политика во дел од градовите. На отворањето на конференцијата говореше и заменикот на министерот за локална самоуправа, Фарух Фератовски, а во текот на трите работни дена, освен експерти и уметници од регионот, учествуваа и претставници на локалните власти на Скопје, Тетово, Гостивар, Кичево, Новобрдо, Призрен и Гнилане.

Статијата е прочитана 1698 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

**ОСТАНАТИ ВЕСТИ**

**Меѓународен етнолошки симпозиум во Штип**
**„Златната птица на сонот" од Бакевски на англиски јазик**
**Поезија од Никола Маџиров објавена на десетина јазици**
**Врачени клучевите од ателјеата во Безистен**
**Денеска на МОТ „Саломе" и „Госпоѓица Јулија"**

Deutsche Welle
Пипа кажа „Да"
Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
Германија: Еден милион слободни работни места